ОКТОМВРИ 2026

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!


www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229



ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во октомври, најголем дел од главните светски берзански индекси забележаа пад. Загриженоста за одржливоста на инвестициите во вештачка интелигенција и високите вреднувања на технолошките компании го засилија продажниот притисок. Инвеститорите внимателно ја оценуваа способноста на компаниите да ги оправдаат очекувањата за раст на добивките. Глобалниот индекс MSCI ACWI се намали за 1,69%, со што приносот од почетокот на годината изнесува 9,95%. Следено по региони, падот беше најизразен на брзорастечките економии и во азиско-пацифичкиот регион. MSCI Emerging Market индексот се намали за 8,11%, додека MSCI Asia – Pacific се намали за 6,09%. И покрај значителниот месечен пад, азиско-пацифичкиот регион го задржа највисокиот принос од почетокот на годината меѓу прикажаните индекси, од 14,04%, следен од брзорастечките економии со 11,55%. Октомвриската корекција ја намали нивната предност во однос на развиените пазари. Спротивно на ова, европските акции покажаа поголема отпорност, при што индексот STOXX 600 се издвои со раст од 1,87%, зголемувајќи го кумулативниот принос на 9,21%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

Извор: Блумберг



ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Македонскиот берзански индекс МБИ 10 во октомври продолжи да се намалува, забележувајќи пад од 1,87%, со што загубата од почетокот на годината достигна 11,73%. Најголем месечен пад меѓу компаниите во индексот имаше Македонски Телеком од 6,27%, следен од Стопанска банка со 4,85% и Уни Банка со 4,05%. Негативни движења забележаа и НЛБ Банка, Комерцијална банка, Макпетрол и Реплек, додека ТТК Банка остана речиси непроменета. Позитивно се издвои Гранит со раст од 3,33%, а поумерено зголемување имаа Комерцијална банка со 0,86% и Алкалоид со 0,20%. Од почетокот на годината, најголеми загуби бележат Стопанска банка и ТТК Банка, од 33,97% и 30,30%, соодветно. Единствена компанија која сè уште е во позитива за овој период е Македонски Телеком со принос од 0,86%.




Извор: Блумберг



ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Во октомври, пазарите на обврзници останаа под притисок од повисоките цени на енергенсите и загриженоста за подолготрајни инфлациски притисоци. Геополитичките тензии и нарушувањата во снабдувањето со енергија ги засилија очекувањата за натамошно монетарно затегнување, одржувајќи ги приносите на високи нивоа. На октомвриските состаноци, ФЕД и ЕЦБ ги задржаа каматните стапки непроменети, нагласувајќи дека следните одлуки ќе зависат од инфлацијата и новите економски податоци. На крајот на месецот, меѓу анализираните, македонската и британската државна обврзница имаа највисоки приноси од 5,30% и 5,28%, соодветно. Швајцарската обврзница остана со најнизок принос од приближно 0,48%.

Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




*Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање **21.01.2034** Извор: Блумберг



ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

На девизните пазари, еврото во октомври ослабе во однос на сите прикажани валути. Ослабувањето главно се должи на послабите економски изгледи во еврозоната и на зголемената глобална неизвесност, поради што инвеститорите се свртија кон други валути. Најголем месечен раст забележа руската рубља, од 5,71%, а по неа следеа швајцарскиот франк и австралискиот долар. Слична е сликата и од почетокот на годината каде сите анализирани валути се зајакнати во однос на еврото. Најголем кумулативен раст има австралискиот долар, од 10,91%, а по него следи кинескиот јуан, со 10,38%. Американскиот долар, јапонскиот јен и британската фунта бележат поумерен раст, додека швајцарскиот франк, со раст од 1,14%, има најмал раст во однос на еврото од почетокот на годината.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)



Извор: Блумберг Лектор: Каролина Накова